Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика,водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 мај 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ “ДОБРЕВО 1” (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/23).

2. Одлуката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ “ДОБРЕВО 1” (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/23), престанува да важи по основ на барање на носителот на привремената лиценца, Друштво за производство, трговија, и услуги САН ЕНЕРЏИ СОЛУШН ДЕЛУКС ДОО увоз-извоз Пробиштип.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштво за производство, трговија, и услуги САН ЕНЕРЏИ СОЛУШН ДЕЛУКС ДОО увоз-извоз Пробиштип со седиште на ул: Миро Барага бр. 56, Пробиштип (во понатамошниот текст: Друштво), на 15 мај 2024 година до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за престанок на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ДОБРЕВО 1 ”, УП1 бр.12-285/24 од 15 мај 2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 15 мај 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Престанок на лиценцата се бара поради извршена продажба.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-918/1 од 16 мај 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 16 мај 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за престанок на важење на одлуката издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ДОБРЕВО 1" на Друштво за производство, трговија, и услуги САН ЕНЕРЏИ СОЛУШН ДЕЛУКС ДОО увоз-извоз Пробиштип.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-285/24**
**16. мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**